# СКУЛПТУРАТА
# во слободен простор

20 СЕПТЕМВРИ 1959

Скулптурата се повеќе ги напушта галериите и затворениот простор. Таа навлегува во природата. Таа настојува да биде нејзин составен дел. Имајќи предвид дека архитектурата настојува да оди во чекор со времето, дека во последно време доживувaa постојани промени, односно се повеќе и посигурно се осовременува, таа некако императивно го налага и присуството на скулптурата покрај себе. Во една таква положба архитектурата и скулптурата взаимно се надополнуваат и создаваат амбиент што е неопходна потреба на модерниот град, денес во нашето време.

Тргнувајќи од тој факт повеќето талентирани вајари во светот и кај нас успеја сите дела да ги изнесат вон од ателјеите и галериите и да ги постават во градските паркови, скверови или како дел од целината на некое архитектонско дело, да ги оставаат без покрив.

Две такви скулптури поставени на таков начин во Скопје ни даваат повод за овие неколку реда. Автор на тие скулптури е вајарот Петар Хаџи — Бошков, кој неодамна ја приреди својата прва самостојна изложба и со неа го привлече вниманието на публиката и ликовната критика. Едната негова скулптура под наслов: „Капачица" се наоѓа во дворот на Домот на културата на ДСВР, а другата во дворот на Женската гимназија во Скопје под наслов „Мајка и дете". На преуредениот плоштад Слобода во Скопје се очекува уште една негова скулптура под наслов „Револуционер".

Тргнувајќи по патот на чистата форма, Хаџи-Бошков настојува секој реалистички предмет да го стави под една лична редукција. Значи, настојувањето да се ослободи од сите непотребни детаљи за него е пресудно за да дојде до една чиста форма што во себе ќе го содржи животот и својата предметност.

Поставувајќи го тоа како цел, своето оправдување за патот кон чистата форма го наоѓа во обидот да се создаде таква скулптура што може да се прими во модерниот град кој преживува промени во архитектонска смисла.

Трите негови скулптури, од кои две се веќе поставени, зборуваат за тој обид на поврзувањето со природата. Но неговите настојувања и обиди наметнуваат уште еден факт. Познато е дека чистата форма модерното време ја искористило во доволна мерка, дури и преку таа мерка. И тешко е преку разбивањето на формата да се дојде до една чистота, до една целина што ќе води во оригиналност. Затоа и се забележуваше дека Хаџи—Бошков настојувал многу да научи од Мур, па дури и дека примил нешто него во. Меѓутоа неговата прва самостојна изложба по чиј повод се пишуваше така, не го покажуваше тоа.

Вистина е дека Хаџи — Бошков настојува подлабоко да се изразува. Тој сака да биде се поблизок до оноа што сака да го изрази за да даде една целовитост а не фрагментарност и тоа повеќе јасна и достапна целовитост. Копнежот по природата тој го оживува со она поврзување што смета дека е најприкладно: опалено дрво, искривено дрво. Релјеф: планини, долини, па дури и составот на некои материи гледан низ микроскопско око. Во едно такво микроскопско гледање тој ги наоѓа своите инспирации. Но тој не оди кон апстрахирање во вообичаена смисла. Тој во склопот на апстрактните форми само ги користи своите чисти форми за да биде што подостапен до времето и средината.

Поставувајќи го сето тоа како принцип на својата лична инспирација и творештво тој нема доволно место во затворен простор. И првите обиди да избега од него покажуваат дека неговата скулптура треба да се гледа и низ една друга светлина.

Фонтаната „Капачица" поставена во Домот на културата на ДСВР нема доволен простор. Таа е затворена. Нема доволно светлина. Определена со својата тежина таа бара поголема широчина. Но, поставена и така зборува за еден излез. Таа и така создава соодветен амбиент.



Петар Хаџи Бошков: „КАПАЧИЦА" (Фонтана)

И другата негова скулптура „Мајка и дете" што се наоѓа во паркчето зад Женската гимназија во Скопје не го нашла своето соодветно место. Содржејќи го она симболично бранување диктирано од материјата и темата, таа бара да се подигне на подиум од околу 50 сантиметри.

Третата, „Револуционер" што треба да биде поставена на плоштадот „Слобода" во Скопје ја најдовме како скица. И таа ќе биде еден вид фонтана што ќе ги симболизира чувствата на револуционерот.

Ова се први обиди. Прави обиди што не треба да останат осамени. Ако градот бара убави улици, убави куќи и паркови, тогаш ќе ја чувствува празнината без скулптурата што треба да биде составен дел на неговиот лик и неговата атмосфера.

Радивоје ПЕШИЌ